# Партнери во проектот

**Главен Координатор**:
“Adama Mickiewicza”, Лубско, Полска

Партнер-училишта:
**Италија**: C. “J. Stella” Muro Lucano
Dpt “G.Deledda” - Pescopagano
**Литванија**: “Klaipedos Versmes ProgimanazijaKlaipeda
**Македонија**: “Hristijan Karposh”-Kumanovo
**Португалија**: Agrupamento de Escolas de Moure e Ribera do Neiva -
Vila Verde
**Романија**: “Scoala Gimnaziala Izbiceni”- Izbiceni
**Шпанија**: “CEIP Ciudad de Merida”-
Mérida
**Турција:** “Jale Necdet Ozbelege Ilkokulu”- Urla



Овој проект е одобрен од страна на Националната Агенција за Европски Образовни Програми и Мобилност и финансиран со поддршка на Европската комисија**.** Овој документ ги одразува само ставовите на авторот и Европската комисија, како и Националната Агенција не можат да биде одговорни за информациите содржани во него**.**

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност

EUROPEAN COMMISSION

# GIVE 5: A HEALTHY LIVING TOOLBOX - THE WHOLE SCHOOL PROGRAME




## ООУ „ Христијан Карпош” , Куманово

# Што е Еразмус +?

Програмата Еразмус, основана во 1987 година,  првично е основана како Европска програма за мобилност на Универзитетски студенти, односно програма за размена на студенти во рамките на Европската унија (ЕУ). Еразмус + е Програмата, финансирана од страна  на Европската комисија за образование, обука, млади и спорт за периодот 2014-2020, е всушност продолжение на претходната програма за доживотно учење (2007-2014). Како интегрирана програма, Еразмус + нуди повеќе можности за мобилност на учениците и вработените како и соработка помеѓу образовните институции. Оваа програма се разликува од претходните со тоа што обуката како и програмите за младинскиот сектор се попристапни, со поедноставени правила за финансирање и структура која има за цел да ја рационализира администрацијата на програмата. Програмата Еразмус + на Европската унија има за цел да го подобри квалитетот во образованието во Европа преку стипендии на индивидулалци, или финанскирање на  академска соработка помеѓу претставниците на образованието во Европската Унија.

# Опис на проектот

Give 5: A Healthy Living Toolbox - the whole school programe
ќе се реализира во периодот од септември 2017 до август 2019 година. Проектот главно се фокусира на развојот на здрави животни навики кај младите луѓе, имено, поврзани со психичка, физичка,нутриционистичка, еколошка и безбедносна благосостојба. Финансиран од страна на Европската унија, главна цел на овој проект е социјалното вклучување на учениците во креирањето на продуктивна атмосфера во училиштето и општеството, зголемување на желбата за развивање на вештини и компетенции, како и поттикнување на доживотно учење.
Опис на проектот
Со проектот се предвидени четири средби за транснационално учење и мобилност ("Учење, Настава, Обука Активности "- LTTA) за наставници и ученици во партнер - училиштата во Португалија, Шпанија, Италија и Македонија, и четири транснационални проектни средби за наставници во партнер – училиштата во Полска, Романија , Литванија и Турција.



# Цели на проектот

� Да се создадат нови, подобрени форми и методи кои активно ќе се употребуваат за успешна интеграција на еколошка едукација во секојдневната настава;
� Да се подигне свеста кај учениците, како и пошироката локална заедница за важноста на здравата исхрана и хигиената за правилен раст и развој, како и како превенција од разни заболувања;
� Да се даде поддршка на сите учесници во развојот на нивните социјални вештини со интерактивни активности.;
� Да се подобрат професионалните вештини на наставниците преку дисеминација, како и размена на добра пракса со наставници од партнер-училиштата;
� Да се создаваат пријателства надвор од границите на државите.
� Да се помогне во градењето на довербата, на начин што ќе им се овозможи на учениците од различни земји да се запознаат и да создадат меѓусебно разбирање, да работат заедно во рамките на заедниците и да создадат културолошка толеранција.
� Како наставници, да се создадат можности за соработка на заедниците низ целиот свет, ширејќи го учеството во меѓукултуролошкиот дијалог, користејќи го интернетот за меѓусебна комуникација како граѓани на дигиталната ера и овозможувајќи поголем пристап до најразлични светски перспективи и мислења.

